# 1.0. ПРЕГЛЕД НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

## 1.1. Политика за Квалитет

(Одговорност на Раководството)

Правиме обид на прашањето на квалитетот да го подигнеме на степен повисок од општа декларација.

Од тие причини и конципирањето на системот за квалитет како основен принцип на деловната стратегија со проектирање на систем на мерки, активности и организација за негово спроведување. СК е базиран врз критичните процеси и нивните елементи.

Останува основното начело-да се испочитуваат технолошките стандарди и да се исполнат очекувањата на купувачот при едновремено ефикасно користење на расположивите технолошки и материјални ресурси за постигање, одржување и подобрување на квалитетот при оптимални трошоци.

Во прашање е значи организација за спроведување на технолошките стандарди и други специфични барања на купувачите токму заради производната одреденост на АД "Макстил" за производство на производи за задоволување на нивните репродукциони потреби.

Во делот на производството обезбедуваме комплетна услуга: прием и обработка на спецификација, контрола на квалитетот во сите фази, доработка, транспорт, навремен рок на испорака, меркирање , пескарење и фарбање. Во комерцијалниот дел редовно се залагаме за политиката на можни овластени регионални дистрибутери кои би покривале одреден дел на пазарот, односно би го доближиле нашиот производ до крајниот потрошувач.

Обврска на врвното раководство е: да се утврдат и реализираат целите зацртани во корпоративната стратегија на Дуферко, долгогодишната развојна програма, повеќегодишниот бизнис план и годишниот оперативен план на акционерското друштво. На крајот од Прирачникот се документира рамка за воспоставување и преиспитување на целите за квалитет.

Во поглед на акционерите правиме сé да се одржи вредноста на акциите кои носат годишен принос (девиденда). Односот на раководството према акционерите е во доследно почитување на обврските кои произлегуваат од законските прописи. Вршиме редовно објавување на резултатите во дневен весник, доставување на сите релевантни податоци за работењето и статусни и други деловни промени на берзата каде котираме веќе 2 години. Податоците за висината на акциите се презентирани во Проспект кој е достапен и на Вебсајт. Податоците од финансиските извештаи подлежат на ревизија на независна меѓународна ревизорска куќа и редовно се презентираат на Собранието на акционери.

Со добавувачите имаме договорена долгорочна соработка врз основа на предходно дефинирани барања и овозможување на рамноправен конкурентски настап преку: авансирање на нивни побарувања, прием на понуди, овозможување на комерцијална и индустриска презентација, посети на саеми,

давање одговор на нивни анкетни листови и распишување на јавен тендер. Ова го правиме со цел да овозможиме непречена конкуренција на страната на понудата со цел да дојдеме до објекивно мерило по единица производ.

Согласно основните стратешки начела и политика на Бордот на директори за постојната грижа за животната и работната средина, воведен е природниот гас како основен енергенс (еколошки најпогоден). Постои Филтерска постројка за прифаќање и пречистување на отпадните гасови и прашина од електролачна и казанска печка. Редовно се вршат мерења на емисијата на штетни материи во воздухот од оџакот на електро-лачната печка и потисната печка како и нивото на радиоактивност за влезните суровини и готови производи. Резултатите од извршените мерења се доставуваат до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Сите обврски кои произлегуваат од колективниот договор во Фирмата за вработените се почитуваат: превоз, плати, придонеси, топол оброк и сите надоместоци за прекувремени работни саати, работење во специјални услови и дополнителни работи. Имаме систем на наградување во поглед на квалитетот на производот и продуктивноста, индивидуално и колективно наградување, односно систем на наградување чиј вредност на бодот го врзува со исполување на овие учиноци.

Од тие причини и насочување на активностите кон превенција, едукација и практична обука како и кон дисциплинирање за практично спроведување на зацртаната политика за квалитет, токму за тоа и нашето настојување за почитување и спроведување на системот за квалитет, контролирано и документирано следење на состојбите и управување со расположивите ресурси на сите нивоа на технолошкиот процес.

Основните цели на Системот за Менаџмент со Квалитетот се:

* Идентификација и постојано намалување на оние неусогласености кои причинуваат загуба на бизнисот, приходот и довербата кај купувачите или пошироката заедница.

* Постојано подобрување на перформансите на организацијата.

* Постојано одржување и преиспитување на ефектите и ефикасноста на Системот за Менаџмент со Квалитет кој минимум ги задоволува барањата на ISO 9000:2000, како и компатибилните стандарди за екологија, животна средина.

* Одржување на свест и обврска за квалитет низ целата организација, на сите организациони нивоа; сите вработени низ процесот на обука . Се обучуваат за свесно и одговорно извршување на своите задачи, а со цел постигнување на поставените цели.

Ген.директор,